РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-298/4
28.04. 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Примено: 04-05-2026
Орг. един. | Број: 09-510/2 | Прилог: | Вредност:

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 149 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 53 седница одржана на 18.03.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Молекуларна медицина", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Молекуларна медицина", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на Медицински факултет – молекуларна медицина /во меѓународен промет академски назив: Doctor of Medical Science – Molecular Medicine.

Научно - истражувачко подрачје: 3 Медицински науки и здраство; Научно – истражувачко поле: 3.01 Базична медицна 3.02 Молекуларна медицина 3.03 Здравствени науки 3.04, Медицинска биотехнологија, Научно - истражувачко област: 3.01.00.01 Анатомија, 3.01.00.02 Хистологија со ембриологија, 3.01.00.03 Физиологија, 3.01.00.04 Патолошка физиологија, 3.01.00.05 Патолошка, анатомија, 3.01.00.06 Фармакологија, 3.01.00.07 Микробиологија со паразитологија, 3.01.00.08 Имунологија,, 3.01.00.09 Медицинска генетика, 3.01.00.10, Медицинска физика, 3.01.00.11 Биохемија (медицинска хемија), 3.01.00.12 Судска медицина, 3.01.00.13 Медицинска етика и деонтологија, 3.01.00.14 Социјалкна медицина, 3.01.00.16 Друго, 3.02.00.01 Интерна медицина, 3.02.00.02 Кардиологија, 3.02.00.03 Ендокринологија и заболувања на метаболизмот, 3.02.00.04 Хематологија, 3.02.00.05 Хепато-гастро-ентерологија, 3.02.00.06 Пулмологија со фтизиологија, 3.02.00.07 Нефрологија, 3.02.00.08 Ревматологија, 3.02.00.09 Семејна медицина, 3.02.00.10 Дерматовенерологија, 3.02.00.11. Неврологија, 3.02.00.12 Епидемиологија, 3.02.00.13 Инфектологија, 3.02.00.14 Педијатрија, 3.02.00.15 Геријатрија, 3.02.00.16 Онкологија, 3.02.00.17 Физикална медицина и рехабилитација, 3.02.00.18 Медицина на трудот, 3.02.00.19 Клиничка биохемија, 3.02.00.20 Клиничка фармакологија и токсикологија, 3.02.00.21 Нуклеарна медицина, 3.02.00.22 Радиологија, 3.02.00.23 Анестезиологија и реанимација, 3.02.00.24 Гинекологија и акушерство, 3.02.00.25 Оториноларингологија, 3.02.00.26 Офталмологија, 3.02.00.27 Хирургија, 3.02.00.28 Ортопедски болести, 3.02.00.29 Кардиоваскуларна хирургија, 3.02.00.30, Неврохирургија, 3.02.00.31 Урологија, 3.02.00.32 Детска хирургија, 3.02.00.33 Пластична хирургија, 3.02.00.34 Дигестивна хирургија, 3.02.00.35 Торакална хирургија, 3.02.00.36 Трауматологија, 3.02.00.37 Трансфузиологија, 3.02.00.38 Психијатрија, 3.02.00.39 Медицинска психологија, 3.02.00.40 Друго, 3.03.01.01 Епидемиологија со здравствена статистика и информатика, 3.03.01.02 Хигиена, 3.03.01.03 Социјална медицина во јавно здравје, 3.03.01.04 Медицина на трудот, 3.03.01.05 Геронтологија, 3.03.01.06 Спортска и училишна медицина, 3.03.01.07 Здравствен менаџмент, 3.03.01.09 Друго, 3.03.02.01 Клиничко-болничка и општа здравствена нега, 3.03.02.02 Здравствена нега во заедницата, 3.03.02.03 Управување во здравствена нега, 3.03.02.04 Друго, 3.03.03.01 Логопедија (клиничка логопедија), 3.03.03.02 Клиничка рехабилитација, 3.03.03.03 Работна и окупациона терапија, 3.03.03.04 Друго, 3.04.00.01 Биотехнологија поврзана со манипулација на клетки, ткива, органи, целиот организам (асистирана репродукција), 3.04.00.02 Биотехнологија поврзана со генетска дијагностика и терапија поврзана со молекуларна дијагностика, 3.04.00.03 Биотехнологија поврзана со биоматеријали-медицински импланти, уреди, сензори, 3.04.00.04 Етика поврзана со биотехнологија, 3.04.00.05, Медицинска технологија, инструментација и информатика, 3.04.00.08 Друго.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Рубенс Јовановиќ, проф. д-р Соња Генадиева Ставриќ, проф. д-р Ирена Рамбабова Бушљетиќ, проф. д-р Лада Трајчевска, проф. д-р Виолета Анастасовска, проф. д-р Марија Петрушевска.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

REПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-142/13 од 30.01.2026 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Молекуларна медицина“, трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 09-510/1 од 30.01.2026 година (наш бр. 08 - 298/1 од 30.01.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 49-та седницата одржана на 13.02.2026 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 – 298/3 од 27.03.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/2024) и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 53-та седница одржана на 18.03.2026 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Зоран Марков